



## РОБЕРТ ЈАНКУЛОВСКИ СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ВАЈМАР

# Секојдневието што го опкружува

Фотографот Роберт Јанкуловски ќе учествува во проектот „Летербокс„ што го промовира овогодишната европска престолнина на културата, Вајмар. Принципот за работа на проектот, кој е во тек, е исклучително необичен.

„Од авторите на проектот добив убаво дизајниран плик, во кој требаше да испратам исечоци од македонски весници и да им го вратам назад. Потоа, добив празен слајд филм, а моја задача беше да направам слајдови на тема: секојдневни работи кои ме опкружуваат и окупираат во Скопје и да им го испратан неразвиен„ ја објаснува Јанкуловски идејата на „Летербокс„. „Целта е тие да направат селективен избор од слајдовите и со тоа автоматски ја задржуваат привилегијата, први да го видат делото. Во секоја од пратките претставуваат по еден автор, учесник на проектот, а кон крајот на оваа година во Вајмар ќе се направи изложба од сите материјали кои пристигнале и ќе се отпечати каталог од изложбата„.

Роберт, паралелно со работата на овој проект, ги завршува и подготовките за издавање книга за скопските графити, на која работи веќе неколку години. Досега, снимил преку 800 фотографии, од кои во книгата ќе влезат стотината селектирани. Промоцијата на книгата ја замислува со изложба на фотографиите, кои ќе бидат презентирани на необичен начин.

Во моментов професионално е ангажиран во Кинотеката на Македонија, на еден истражувачки проект „Старата фотографија во Македонија„.

„Целта на проектот е собирање, заштита, презентација и публикација на фотографии создадени во Македонија од првото појавување на фотографијата на ова тло до денес. Пронајдени се голем број оригинални дела од крајот на 19 и почетокот на 20 век, кои заслужуваат почит. Тие, пред се, треба да бидат заштитени и зачувани како културно наследство. Дел од фотографиите немаат „уметнички„ вредности, тоа се комерцијални дела. Се обидувам од таквите фотографии, да направам креативни дела, а авторите да ги претставам на најсоодветен начин„ изјави Јанкуловски за „Македонија денес„.

**Ивана Тасев**